СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Четврток, 30 декември 1971
Скопје
Број 42 Год. XXVII

Претплатата за 1971 година изнесува 100 динари. Овој број чини 2 динари. Жиро сметка бр. 401-1-16

318.

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАБРАНА НА ПРОДАЖБА НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ И СТАНОВИ ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ

Се прогласува Законот за забрана на продажба на станбени згради и станови во општествена сопственост,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 декември 1971 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 29 декември 1971 година.

Број 03-4218
30 декември 1971 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

ЗАКОН

ЗА ЗАБРАНА НА ПРОДАЖБА НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ И СТАНОВИ ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Се забранува продажбата на станбените згради и станови во општествена сопственост до донесувањето на закон со кој ќе се пропишат условите за продажба на тие станбени згради и станови.

Член 2

Одредбите на овој закон не се однесуваат на првата продажба на неуселен нов стан, како посебен дел на зградата, или неуселена нова станбена зграда.

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а одредбата на член 1 се применува од 1 ноември 1971 година.

319.

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ЗАЕМ ЗА КРЕДИТИРАЊЕ ПОБРЗИОТ РАЗВИТОК НА СТОПАНСКИ НЕРАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И САП КОСОВО

Се прогласува Законот за утврдување стапките на задолжителниот заем за кредитирање побрзиот развиток на стопански недоволно развиените републики и САП Косово,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 декември 1971 година и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 29 декември 1971 година.

Број 03-4273
30 декември 1971 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

ЗАКОН

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ЗАЕМ ЗА КРЕДИТИРАЊЕ ПОБРЗИОТ РАЗВИТОК НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И САП КОСОВО

Член 1

Организациите на здружениот труд од областа на стопанството и деловните банки (во натамошниот текст: обврзници на заемот) се должни да уплатуваат средства за задолжителниот заем за кредитирање побрзиот развиток на стопански недоволно развиените републики и САП Косово во периодот од 1971 до 1975 година, според одредбите на овој закон.

Член 2

Обврзниците на заемот ќе уплатуваат заем според основицата што ја сочинуваат од средствата на деловниот фонд според состојбата искажана во завршната сметка за годината за која се пресметува заемот, по следните стапки:

— по стапка од 5%: деловните банки, во проектирањето и прометот на стоки и услуги (освен во прометот со брашно и житарици);

— по стапка од 4,25%: градежништвото (освен во проектирањето) и туристичкото посредување;

— по стапка од 3,75%: обоената металургија (освен во производството на феро легури), неметалната индустрија, металската индустрија, електроиндустријата, хемиската индустрија, индустријата на градежен материјал, дрвната индустрија, индустријата за кожи и гума, прехранбената индустрија (освен во производството на млинарски производи од житарици, во пекарската дејност, преработката и конзервирањето на овошје, зеленчук, месо, риба и млеко, колење на добиток, складирањето на производи во силоси, механизирани складишта и ладилници и сушењето на семенска стока), графичката индустрија (освен во новинско-издавачката дејност), тутунската индустрија, филмската индустрија во рударските истражувања, и другата индустрија што не е опфатена со овој закон;

— по стапка од 3,25%: во станбената дејност и производното занаетчиство;

— по стапка од 1,45%: во производството и пренос на електрична енергија, црната металургија, феро легурите, текстилната индустрија, производството на млинарски производи од житарици, пекарската дејност, преработката и конзервирањето на овошје, зеленчук, месо, риба и млеко, колење на добиток, складирањето на производи во силоси, механизирани складишта и ладилници и сушењето на семенска стока, во новинско-издавачката дејност, земјоделството, сообраќајот (освен железничкиот сообраќај) и во прометот со брашно и житарици.

Член 3

По исклучок од одредбите на член 2 на овој закон, обврзниците на заемот се ослободуваат од обврската за издвојување на средства за задолжителниот заем од средствата на деловниот фонд што служат за вршење на комунална и угостителска дејност, услужното занаетчиство, производството на јаглен, хартија и целулоза, во рибарството, железничкиот сообраќај и шумарството.

Издвојување на средства за задолжителниот заем не се врши и на вредноста на јавните патишта, вредноста на земјиштето, вредноста на изградените површини на аеродроми, вредноста на водостопанските објекти и постројки, вредноста на делата на ликовните уметници (слики, скулптури и други уметнички дела).

Како комунални дејности кои не издвојуваат средства за задолжителен заем се сметаат дејностите: водоводот и канализацијата, експлоатацијата на јавните бањи, одржувањето на чистотата на јавните објекти, изградбата и одржувањето на улиците, патиштата и другите сообраќајници во населбите, уредувањето и одржувањето на јавните зелени површини во населбите, снабдувањето со топлинска енергија, дистрибуцијата на електрична енергија и јавното осветлење, градскиот сообраќај, чувањето на моторни и други возила на одреден простор, гаражирањето на возила во јавни гаражи, управувањето и одржувањето на градското земјиште, сервисите на месните заедници, прикажувањето на филмови, конзумните млекари, пекарниците, производството на мраз и управувањето со станбени згради.

Член 4

Кога обврзникот на заемот врши повеќе дејности за кои се определени различни стапки за задолжителниот заем или за кои е пропишано ослободување од обврска за пресметување и плаќање на задолжителниот заем, должен е посебно да ја утврдува пропишаната основица и да го пресметува задолжителниот заем за одделни дејности односно посебно да го утврдува соодветниот износ на средства на деловниот фонд кој е ослободен од обврската за пресметување и плаќање на задолжителниот заем.

Член 5

Се овластува републичкиот секретар за финансии по потреба да донесува поблиски прописи за начинот на пресметувањето и уплатувањето на заемот.

Член 6

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1971 година.

320.

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ ПРИДОНЕСИ И ДАНОЦИ НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за републичките придонеси и даноци на граѓаните,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 декември 1971 година, и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 29 декември 1971 година.

Број 03-4276
30 декември 1971 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ ПРИДОНЕСИ И ДАНОЦИ НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Во Законот за републичките придонеси и даноци на граѓаните („Службен весник на СРМ“, бр. 2/69, 32/70 и 12/71 година) во член 2, став 2, стапката „11“ се заменува со 13%.

Член 2

Во член 3, став 2, алинеја прва процентот „32“ се заменува со „26,7“, во алинеја втора процентот „5“ се заменува со „4“, во алинеја трета процентот „27“ се заменува со „38,5“ и во алинеја четврта процентот „18“ се заменува со „15,4“.

Член 3

Во член 7 износот од „25.000“ се заменува со „30.000“.

Член 4

Во член 8, став 1 износот од „3.000“ се заменува со „5.000“.

Член 5

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1972 година, освен одредбите од членовите 3 и 4 што ќе се применуваат од 1 јануари 1971 година.

321.

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДНИОТ ПРИДОНЕС ВО 1972 ГОДИНА

Се прогласува Законот за водниот придонес во 1972 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 декември 1971 година, и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 29 декември 1971 година.

Број 03-4277
30 декември 1971 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

З А К О Н
ЗА ВОДНИОТ ПРИДОНЕС ВО 1972 ГОДИНА

Член 1

Законот за водниот придонес во 1971 година („Службен весник на СРМ“ бр. 32/70) ќе се применува и во 1972 година.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1972 година.

322.

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ ВО ПЛАЌАЊЕТО НА ДАНОКОТ НА ДОБИВКАТА НА СТРАНСКИТЕ ЛИЦА ПО ОСНОВ НА ВЛОЖУВАЊЕТО НА СРЕДСТВА ВО ДОМАШНА СТОПАНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ЗАЕДНИЧКО РАБОТЕЊЕ

Се прогласува Законот за олеснување во плаќањето на данокот на добивката на странските лица по основ на вложувањето на средства во домашна стопанска организација за заедничко работење,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 декември 1971 година, и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 29 декември 1971 година.

Број 03-4274
30 декември 1971 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

З А К О Н

ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ ВО ПЛАЌАЊЕТО НА ДАНОКОТ НА ДОБИВКАТА НА СТРАНСКИТЕ ЛИЦА ПО ОСНОВ НА ВЛОЖУВАЊЕТО НА СРЕДСТВА ВО ДОМАШНА СТОПАНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ЗАЕДНИЧКО РАБОТЕЊЕ

Член 1

Обложениот данок на делот на доходот (данок на добивка) што како своја добивка ќе го остварат странските правни и физички лица (странски лица) по основ на вложување на средства во стопанска организација на територијата на Социјалистичка Република Македонија со цел заеднички да работат, се намалува за 60%.

Член 2

На добивката остварена во текот на една година, што странското лице ќе ја употреби за зголемување на своето учество во средствата на заедничкото работење, или ќе ја вложи во друга стопанска организација на територијата на Социјалистичка Република Македонија, обложениот данок се намалува за 90%.

На добивката, остварена во текот на една година, што странското лице ја депонира кај деловната банка на територијата на Социјалистичка Република Македонија, со отказен рок од најмалку 3 години, обложениот данок се намалува за 80%.

Член 3

Извршниот совет може да утврди и други олеснувања во плаќањето на данокот на добивката по договорите за одделни вложувања на средства според член 1 и 2 на овој закон.

Член 4

Ако странското лице своите права и обврски од заедничкото работење ги пренесе на стопанската организација во која ја вложува добивката или на друга стопанска организација во рок од 5 години од денот на извршеното прво вложување, го губи правото на даночното олеснување по член 2, став 1 од овој закон и дополнително се обложува со данок на добивка.

Член 5

Одредбите на овој закон ќе се применуваат и на данокот на добивка која странското лице ќе ја оствари од заедничко работење со организација на здружен труд на домашна стопанска организација, кога таа организација на здружен труд има седиште на територијата на Социјалистичка Република Македонија, иако седиштето на стопанската организација, во чиј состав е таа организација на здружен труд, е надвор од територијата на Социјалистичка Република Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија".

323.

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕЈНОСТА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ЗА УКАЖУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за дејноста на Медицинскиот факултет за укажување на здравствена заштита,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 декември 1971 година, и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 29 декември 1971 година.

Број 03-4275
30 декември 1971 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

З А К О Н

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕЈНОСТА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ЗА УКАЖУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за дејноста на Медицинскиот факултет за укажување на здравствена заштита („Службен весник на СРМ", бр. 26/71), во член 5 зборовите „31. XII. 1971 година", се заменуваат со зборовите „31. XII. 1972 година".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

324.

Врз основа на член 50, ставовите 2, 3 и 4 од Основниот закон за финансирање на општествено-политичките заедници („Службен лист на СФРЈ" бр. 31/64, 28/66, 1/67, 10/68, 30/68, 56/69, 32/70 и 60/70), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 декември 1971 година и на седницата на Соборот на општините, одржана на 29 декември 1971 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ПРИВРЕМЕНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ЗА КОИ СРЕДСТВАТА СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ ОД РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ, ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ—МАРТ 1972 ГОДИНА

1. Финансирањето на потребите на Социјалистичка Република Македонија, за кои средствата се обезбедуваат во републичкиот буџет во периодот јануари—март 1972 година, ќе се врши привремено, сразмерно со користените средства од Републичкиот буџет во истиот период од 1971 година, а најмногу до една четвртина од вкупните приходи распоредени со буџетот во таа година.

2. Во периодот јануари—март 1972 година ќе се обезбедат и потребните средства на име придонес на Републиката за финансирање на потребите на сојузниот буџет и средства за премии на млекото, како нови надлежности на Републиката.

3. Се овластува Извршниот совет, да изврши, во согласност со одредбите на Основниот закон за финансирање на општествено-политичките заедници и одредбите на Законот за финансирање на општествено-политичките заедници во Социјалистичка Република Македонија, распоред на средствата по корисници за потребите за кои средствата се обезбедуваат во републичкиот буџет.

4. Приходите што ќе се остварат во периодот јануари—март 1972 година како и нивниот распоред извршен според точка 2 од оваа одлука, се составен дел на приходите и нивниот распоред во републичкиот буџет за 1972 година.

5. Одредбите на Законот за републичкиот буџет за 1971 година ќе се применуваат и во периодот јануари—март 1972 година ако со посебен закон не е поинаку определено.

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1972 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-4229
30 декември 1971 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

325.

Врз основа на член 9, став 2 од Законот за обезбедување на девизи на општествено-политичките заедници, установите, општествените организации и на граѓанските правни лица („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/69), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 декември 1971 година, и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 29 декември 1971 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ПРИВРЕМЕНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДЕВИЗИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ, УСТАНОВИТЕ, ОПШТЕСТВЕНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ГРАЃАНСКИТЕ ПРАВНИ ЛИЦА ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ—МАРТ 1972 ГОДИНА

1. Обезбедувањето на девизи за потребите на општествено-политичките заедници, установите, општествените организации и граѓанските правни лица, во периодот јануари—март 1972 година, ќе се врши привремено во износ од 30% од девизите распоредени со Одлуката за распоредот на девизите утврдени за потребите на Социјалистичка Република Македонија за 1971 година („Службен весник на СРМ", бр. 17/71 год.).

2. Се овластува Извршниот совет, во рамките на девизите утврдени во точка 1 на оваа одлука, да изврши распоред по корисници, за стоковни и нестоковни плаќања.

3. Привремено одобрените девизи со оваа одлука претставуваат аконтација на девизите што ќе бидат распоредени со Одлуката за распоред на девизите утврдени за потребите на СРМ за 1972 година.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" и ќе се применува од 1 јануари 1972 година.

Број 03-4230
30 декември 1971 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

326.

Врз основа на Уставниот амандман XXXVIII точка 1 став 2, 4 и 5 и член 6 став 2 од Законот за Извршниот совет, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на предлог од Кандидационата конференција на ССРНМ за избор на претседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ, како и на предлог од кандидатот за претседател на Извршниот совет за избор на членови на Извршниот совет и за именување на потпретседатели на Извршниот совет и на републички секретари и други функционери, а врз основа на мислењето од Комисијата за прашања на изборите и именувањата на заедничката седница на Републичкиот собор и Соборот на општините, одржана на 29 декември 1971 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ И НА РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИ И ДРУГИ ФУНКЦИОНЕРИ

I

Извршниот совет се состои од претседател и деветнаесет членови.

II

За претседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ се избира д-р Ксенте Богоев.

За членови на Извршниот совет на Собранието на СРМ се избираат:

1. м-р Љупчо Арнаудовски
2. Ванчо Близнаковски
3. Јездимир Богдански
4. Иван Гиновски
5. Драган Захариевски
6. Мети Крлиу
7. Димче Козаров
8. Љупчо Копровски
9. Мехмет Фахри — Каја
10. д-р инж. Јанко Лазаревски
11. Стојан Маткалиев
12. Андон Макрадули
13. д-р Десанка Миљовска
14. инж. Ѓорѓи Оровчанов
15. Методија Стефановски
16. д-р Вулнет Старова
17. Павле Тасевски
18. Ѓорѓи Цаца
19. Александар Шумковски.

III

Од редот на избраните членови на Извршниот совет на Собранието на СРМ се именуваат два потпретседатели:

1. Драган Захариевски
2. Мети Крлиу.

IV

Од редот на избраните членови на Извршниот совет на Собранието на СРМ се именуваат за републички секретари и други функционери, и тоа:

1. Методија Стефановски, за републички секретар за народна одбрана;
2. м-р Љупчо Арнаудовски, за републички секретар за внатрешни работи;
3. Димче Козаров, за републички секретар за правосудство;
4. Ѓорѓи Цаца, за републички секретар за законодавство и организација;
5. Љупчо Копровски, за републички секретар за образование и наука;
6. д-р Десанка Миљовска, за републички секретар за култура;
7. Мехмет Факри — Каја, за републички секретар за информации;
8. д-р Вулнет Старова, за републички секретар за здравство и социјална политика;
9. Ванчо Близнаковски, за републички секретар за труд;
10. Андон Макрадули, за републички секретар за финансии;
11. Стојан Маткалиев, за републички секретар за индустрија и трговија;
12. д-р инж. Јанко Лазаревски, за републички секретар за земјоделство и шумарство;
13. Александар Шумковски, за републички секретар за економски односи со странство;
14. Павле Тасевски, за директор на Републичкиот завод за општествено планирање.

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-4269
29 декември 1971 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

327.

Врз основа на Уставниот амандман VI точка 1 став 3 алинеа 7, а во врска со член 123 точка 18 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на Републичкиот собор и на Соборот на општините одржана на 29 декември 1971 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1. Се разрешува досегашниот секретар на Извршниот совет Никола Бакулевски, поради истечување на времето за кое е избран.

2. Се именува за секретар на Извршниот совет Лазар Лабачевски, досегашен советник на Собранието на СРМ.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-4264
30 декември 1971 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

328.

Врз основа на Уставниот амандман VI точка 1 став 3 алинеа 7, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на Републичкиот собор и на Соборот на општините, одржана на 29 декември 1971 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И СУДИИ НА УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

I. Се разрешуваат од должноста судии на Уставниот суд на Македонија, поради истечување на времето за кое се избрани:

1. Јован Дуковски;
2. д-р Иво Пухан; и
3. Паскал Митревски.

II. За претседател на Уставниот суд на Македонија се избира Перо Коробар, досегашен претседател на Уставниот суд на Македонија.

III. За судии на Уставниот суд на Македонија се избираат:

1. д-р Асен Групче, досегашен судија на Уставниот суд на Југославија;
2. Мире Доновски, секретар на Собранието на Социјалистичка Република Македонија; и
3. Димитар Стојчев, претседател на Окружниот суд Скопје.

IV. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-4268
30 декември 1971 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

329.

Врз основа на Уставниот амандман VI точка 1 став 3 алинеа 7, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на заедничката седница на Републичкиот собор и на Соборот на општините, одржана на 29 декември 1971 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ФУНКЦИОНЕРИ ШТО ГИ ИМЕНУВА И РАЗРЕШУВА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Се разрешуваат од должноста:

1. Методија Стефановски, републички секретар за народна одбрана;

2. Иван Гиновски, републички секретар за внатрешни работи;

3. Димче Козар, републички секретар за правосудство;

4. Томислав Чокревски, републички секретар за образование, наука и култура;

5. д-р Вулнет Старова, републички секретар за народно здравје и социјална заштита;

6. Вите Исјановски, републички секретар за труд;

7. Андон Макрадули, републички секретар за финансии;

8. инж. Стојан Маткалиев, републички секретар за индустрија и трговија;

9. инж. Трајко Апостоловски, републички секретар за земјоделство и шумарство;

10. Павле Тасевски, директор на Републичкиот завод за општествено планирање.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-4271
30 декември 1971 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

330.

Врз основа на член 25 став 2 од Законот за Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини („Службен лист на СФРЈ" бр. 33/71), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на Републичкиот собор и на Соборот на општините, одржана на 29 декември 1971 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ

I. Се разрешува Ристо Цунов од должноста член на Управниот одбор на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини.

II. Се именува Младен Павловски, пратеник на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Макдонија за член на Управниот одбор на Фондот на федерацијата за кредитирање побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-4267
30 декември 1971 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

331.

Врз основа на член 154, став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и членовите 32 и 119 од Деловникот на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Стопанскиот собор, на седницата одржана на 29 декември 1971 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Се разрешува Ѓоко Ѓорѓиевски, досегашен потпретседател на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, поради заминување на нова должност.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-4232
30 декември 1971 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

332.

Врз основа на член 154, став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 30 од Деловникот на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Стопанскиот собор, на седницата одржана на 29 декември 1971 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира Ѓоко Ѓорѓиевски, досегашен потпретседател на Соборот.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-4233
30 декември 1971 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

333.

Врз основа на член 154, став 1 од Уставот на СР Македонија и член 32 од Деловникот на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Стопанскиот собор, на седницата одржана на 29 декември 1971 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За потпретседател на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира Сретко Маневски, пратеник на Стопанскиот собор.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-4231
30 декември 1971 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

334.

Врз основа на член 123 став 1 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 29 декември 1971 година, и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 29 декември 1971 година, донесе

АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ НА ЧЛЕН 80 СТАВ 1 ТОЧКА 3 ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ВИДОВИ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

Според член 80 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71), еден од условите за формирање на заедница на здравствено осигурување е на подрачјето за кое се формира заедницата да има најмалку 15.000 активни осигуреници — работници.

Одредбата на член 80 став 1 точка 3 од споменатиот закон треба да се разбере така што како активни осигуреници — работници се сметаат лицата од член 13 став 1 точка 1, 3, 4 и 6 и членовите 14 и 16 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-4240
30 декември 1971 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

ЗАЕДНИЦИ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 101 а во врска со член 87 став 2 алинеја 2 од Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71), Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на ден 28-XII-1971 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ПРИВРЕМЕНО УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИТЕ И СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Член 1

До донесувањето на Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците од подрачјето на Скопје, со оваа одлука се утврдуваат основиците и стапките на придонесот за финансирање на здравственото осигурување на осигурениците — работници вработени во работните организации и кај приватните работодатели на подрачјето на оваа заедница, како и за лица што обавуваат самостојна професионална дејност и за уживателите на пензија и инвалиднина, осигурени кај Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Скопје (во понатамошниот текст: заедницата).

Со оваа одлука се утврдуваат основиците и стапките на придонесот и за југословенските државјани вработени кај југословенските претставништва и организации во странство, за југословенските државјани вработени во домаќинствата на југословенските државјани во странство, како и за страни државјани вработени на подрачјето на оваа заедница кај домашните организации односно приватните работодатели.

Член 2

Стапката на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита, повреда на работа и професионално заболување како и други права од здравственото осигурување што ги обезбедува Заедницата со Статутот се единствени за целото подрачје на Заедницата.

Член 3

Вкупната стапка на придонесот се утврдува на 7,40 и истата содржи:

— 2,7% за задолжителни видови на здравствена заштита, и

— 4,7% за здравствена заштита и други права од здравственото осигурување што ги обезбедува заедницата во поголем обем од предвиденото со Законот.

Стапката на придонесот за здравственото осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување се утврдува на 0,5%.

Член 4

Обврзниците на придонесот пресметуваат и плаќаат придонес од основиците пропишани со закон.

За југословенските државјани вработени кај југословенските претставништва и организации во странство основицата за пресметување и плаќање на придонесот се просечните односно месечните лични примања што ги оствариле тие лица на своето работно место во Југославија, во годината која и претходела на годината во која лицето се вработило во странство, односно во годината во која се вработило во странство, ако во претходната година не било вработено.

Конечното пресметување на придонесот се врши по завршната сметка со примена на стапката на придонесот на стварната основица која се до-

бива кога основицата што служела во текот на годината за пресметување на придонесот помножен со индексот на зголемувањето на личниот доход по еден запослен работник во годината, за која се врши пресметување.

За пресметување на придонесот во наредната година се зема стварната основица од претходната година.

За работниците на неплатено отсуство како основица за пресметување на придонесот се зема последниот личен доход кој што го остварил работникот пред почнувањето на користењето на неплатеното отсуство.

Член 5

За лицата кои работат помалку од половина од полното работно време, се пресметува и плаќа придонес за задолжителните видови на здравствена заштита, како и за здравственото осигурување во случај на повреда на работа и оболување од професионални болести од основицата пропишана со законот со примена на стапката од членот 3 на оваа одлука.

Член 6

Југословенски државјани вработени кај југословенските преставништва и организации во странство плаќаат и одделен придонес за користење на здравствена заштита во странство.

Одделен придонес се плаќа по стапка од 20% пресметан на нето личен доход.

Одделен придонес се плаќа во валута во која се прима личниот доход.

Член 7

За југословенските државјани вработени во домаќинствата на југословенските државјани во странство се плаќа придонес од членот 3 на оваа одлука како и одделен придонес за користење здравствена заштита во странство.

Придонесите се плаќаат во валута во која овие осигуреници примаат личен доход.

Член 8

Ако личните доходи се пресметуваат и плаќаат во нето износи, придонесите за здравствено осигурување се пресметуваат и се плаќаат по стапките пресметани за примена на нето личен доход односно примања.

Член 9

Странските државјани вработени на подрачјето на заедницата, кај југословенските организации, односно приватните работодатели или врз основа на меѓународен договор, пресметуваат и плаќаат придонеси од основицата и постапката како и работниците југословенски државјани.

Член 10

Осигурениците кои вршат самостојна професионална дејност пресметуваат и плаќаат придонеси по стапка од членот 3 на оваа одлука пресметани на нето износи.

Основиците за пресметување и плаќање на придонесите од став 1 на овој член ги одредува Собранието на Заедницата со одделна одлука.

Член 11

За уживателите на пензија и корисниците на правата од професионална рехабилитација и запослувањето по прописите за инвалидското осигурување, југословенските државјани кои примаат пензија или инвалиднина од странскиот носител на осигурување, како и за уживателите на постојаните државни помошти доделени од страна на надлежните органи ќе плаќаат придонес согласно став 1 член 3 од оваа одлука.

Член 12

Обврзникот за уплата на придонесот е должен, при уплатувањето на придонесот за здравствено осигурување да изврши спецификација на уплатата на самиот налог — уплатница по видови на здравствена заштита.

Член 13

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на придонесот на начин утврден со закон, оваа одлука и други општи акти на заедницата.

Член 14

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1-I-1972 година.

СОБРАНИЕ НА КОМУНАЛНАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

02-бр. 34321
28-XП-1971 година
Скопје

Претседател,
Глигор Гечевски, с. р.

Врз основа на членот 101 а во врска со членот 100 и 87 став 2 алинеја 2 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71), Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на земјоделците — Скопје, на седницата одржана на 23 декември 1971 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРИВРЕМЕНО УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИТЕ И СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

Член 1

До донесувањето на Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на земјоделците од подрачјето на Скопје, со оваа одлука се утврдуваат основиците и стапките на придонесите за здравствено осигурување на земјоделците.

Член 2

Придонесите за здравственото осигурување на земјоделците се утврдуваат:

— 18% придонес од личниот доход од земјоделска дејност;

— 15,00 динари придонес по член на домаќинство на осигуреникот.

Член 3

Средствата остварени со придонесите утврдени во членот 2 од оваа одлука, ќе се делат:

— за задолжителни видови на здравствена заштита и

— за здравствена заштита што ќе ја утврдува самостојно Собранието на Заедницата.

Процентот за распределба на средствата од став 1 на овој член, по видови на здравствена заштита, ќе се утврди со посебна одлука.

Член 4

Заедницата задолжително формира резервен фонд за обезбедување финансиска стабилност во работењето и ликвидноста во извршувањето на обврските спрема осигурените лица, здравствените работни организации и другите организации на кои им е доверено спроведувањето на здравственото осигурување.

Член 5

Средствата на резервниот фонд се водат и искажуваат одвоено по видови на правата и тоа само книговодствено.

Средствата на резервниот фонд не се издвојуваат на посебни сметки.

Член 6

Книговодствената евиденција за финансиското работење и средствата на заедницата се води според Одлуката на посебниот основен контен план и за посебните обрасци на билансот на заедниците на социјалното осигурување односно заедницата на здравственото осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 8/71).

Заедницата, по потреба донесува поблиски упатства за водење на финансиското работење на Заедницата.

Член 7

Височината на надоместокот на стручната служба, за вршење на стручните, административните и финансиските работи на Заедницата, Заедницата ја утврдува со посебна одлука.

Средствата од претходниот став се обезбедуваат по пат на акредитив.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1972 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ — СКОПЈЕ

Број 02-32824/2
23 декември 1971 година
Скопје

Претседател,
Панче Грнчаревски, с. р.

Врз основа на член 101 став 1 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71), Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Титов Велес, на седницата одржана на 23. XII. 1971. година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1972 ГОДИНА

I

Стапката на придонесот за здравственото осигурување на работниците за 1972 година се определува на 8% на личниот доход и другите примања што служат за утврдување на пензиската основа изразена во бруто износ.

II

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1. I. 1972 година.

01-бр. 678
23. XII. 1971 година
Титов Велес

Претседател
на Собранието на Заедницата
на здрав. осигур. на работниците,
Љ. Ашиков, с. р.

Врз основа на член 101 став 1 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71), Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на земјоделците — Титов Велес, на седницата одржана на 24. XII. 1971 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1972 ГОДИНА

I

Придонесот за здравственото осигурување на земјоделците за 1972 година ќе се пресметува:

1) со примена на стапката од 16% на придонесот од личниот доход од земјоделската дејност, и

2) со пресметување на 20 нови динари на секој член на домаќинството на осигуреникот.

II

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1. I. 1972 година.

Бр. 01-679
24. XII. 1971 година
Титов Велес

Претседател
на Собранието на Заедницата
на здрав. осигур. на земјоделците,
С. Стојменов, с. р.

Огласен дел

РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1245, страна 1451, книга V е запишано следното: Претставништвото на Трговското претпријатие, на големо и мало „Универзал“ — Штип, со седиште во Скопје, ул. „Маршал Тито“ бр. 5, се здобива со својство на правно лице и сопствена жиро-сметка.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 560 од 21. VII. 1970 година. (1288)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 288, страна 290, книга VI е запишано следното: Досегашниот в. д. директор на Самостојната организација на здружен труд „Изотерм“ — Скопје, на Фабриката за стакло и стаклена волна — Скопје — Андоновски Герасим се именува за директор со одлуката бр. 0201-168/А од 25. V. 1970 година, кој фабриката ќе ја потпишува како таков.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 569 од 21. VII. 1970 година. (1287)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1086, страна 975, книга V е запишано следното: Досегашниот директор на Деловното здружение на градежно-инсталатерските и монтажните работни организации и задруги „Градомонтажа“ — Скопје Јовчев Спасе е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За в. д. директор на Деловното здружение за градежно-инсталатерските и монтажните работни организации и задруги „Градомонтажа“ — Скопје е назначен Кирил Димитров, кој истото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 7. V. 1970 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 370 од 9. VII. 1970 година. (1279)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 945, страна 523, книга IV е запишано следното: Паркетарската задруга „Паркетар" — Скопје се преселува во Скопје, на ул. „Васил Ѓоргов" бр. 256, од ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" број 28.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 78 од 30. VI. 1970 година. (1275)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 418, страна 201, книга III е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Продавницата број 2 во Скопје, ул. „Бит пазар" — V блок, на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Повардарие" — Неготино, сметано од 22. VII. 1968 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 849/68 од 28. IX. 1970 година. (1819)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1330, страна 217, книга VI е запишано следното: „Македонија инвест" — Трговско претпријатие на големо и мало и посредување — Скопје, ул. „Орце Николов" бр. 162 е конституирано на 16. I. 1970 година, согласно со записникот од одржаната седница, на 16. I. 1970 г. број 45 од 21. I. 1970 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 68 од 30. IX. 1970 год. (1813)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 418, страна 201, книга III е запишано следното: Досегашниот раководител на Организацијата на здружен труд — Претставништво во Скопје, ул. „Никола Вапцаров" бр. 63, на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Повардарие" — Неготино Петар Шестаков е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За нов раководител на Организацијата на здружен труд — Претставништво во Скопје, на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Повардарие" — Неготино е назначен Димев А. Диме, кој истото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 1. IV. 1968 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 384/68 од 11. IX. 1970 година. (1620)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 10. VIII. 1970 година, рег. бр. 5/70, книга II е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата во Струга, на ул. „ЈНА" на Погонот „Светлост", село Вевчани на Земјоделската задруга „Житиште", село Мршевци, Скопско, уште со: продажба на сите, видови овошја, зеленчук и јужно овошје и електрични уреди за домаќинството.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 01-297 од 15. V. 1970 година на работничкиот совет на Погонот „Светлост", село Вевчани и решението бр. 08-1075/75 од 23. VI. 1970 година на Одделението за инспекциски работи на Собранието на општината Струга.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 403/70. (1546)

